# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ

# НАСТАНИ И КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ

# ЗА 2022 ГОДИНА

**Делчево, јануари 2023 г.**

# I Вовед

Програмата за одбележување настани и културни манифестации на Општина Делчево за 2022 година е изготвена од Комисијата за организирање настани и културни манифестации на Општина Делчево, а усвоена на 5 Седница на Советот на Општина Делчево одржана на ден 27.01.2022 г. и оваа Програма е четврта по ред Програма донесена од Советот на Општината во која се предвидени настани и манифестации, дефинирани со календар и со предвидени активности. Исто така, во Програмата се предвидени и финансиски средства потребни за реализацијата на активностите.

Усвојувањето на Програмата која ја третира областа култура, значи сериозен пристап на Општина Делчево на темата култура, плански распоред на ресурсите и навремена подготовка на настаните за остварување на целите:

- Да се обезбеди активен однос на Општина Делчево кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Делчево;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Делчево;
- Презентирање и афирмирање творци и интерпретатори од областа на културата;

Активностите на Општина Делчево во областа на културата се во насока и за:

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални историски и културно-уметнички манифестации;

-Реализирање манифестации програми и проекти кои ѝ даваат посебно обележје на Општина Делчево;

-Создавање услови за гостување еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Делчево;

-Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Делчево;

-Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

### 1.1 Законска основа на Програмата

Обврската на Општина Делчево на полето култура произлегува од членот 22 став 5 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр 5/2002) во која се пропишани надлежностите на Локалната самоуправа на полето на културата, во смисла

институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето разновидни специфични форми на творештво; и член 15 точка 5 од Статутот на Општина Делчево.

### 1.2 Надворешни влијание за реализација на Програмата

Во насока на зачувување на јавното здравје, поради пандемијата, протоколите за заштита и превенција од ширење на коронавирусот и забраната за групирање, настаните кои вообичаено привлекуваат поголем број граѓани, а беа предвидени во Програмата во првата половина од 2022 г, не се одржаа.

Исто така, поради пожарите во месец јули 2022 и забраната за движење во шумските предели, традиционалните Голачки фолклорни средби се одржаа на летната сцена во Делчево. Фестивалот е во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ со финансиска поддршка на Министерството за култура, под покровителство на Општина Делчево. Значително влијание врз реализација на активностите предвидени во Програмата имаше и актуелната енергетска и економска криза и политиката на штедење на Општина Делчево.

**********

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма се финансирани од средствата на Буџетот на Општина Делчево предвидени за 2022 година, но во партнерство и соработка со локалните институции и здруженија кои работат во областа на културата, како и Министерството за култура.

## II Реализирани активности

Во текот на 2022 г од Програмата за организирање настани и културни манифестации на Општина Делчево се реализирани следните активности:

1. **Одржан локалниот обичај под маски Сурва во с. Ѕвегор**

    - Традиционалниот вековен обичај под маски Сурва во с. Ѕвегор е во организација на МЗ во с. Ѕвегор и организацискиот одбор.

2. **Одбележан денот на раѓањето на македонскиот револуционер и идеолог Гоце Делчев.**

- На 4 Февруари се одбележа 150-годишнината од раѓањето на великанот и патрон на градот Делчево, Гоце Делчев. По тој повод беше положено свежо цвеќе пред споменикот на Делчев во центарот на градот, а од страна на КУД „Гоце Делчев“ (традиционален соработник на Општина Делчево) беше подготвен и реферат за животот и делото на Делчев и неговиот значаен придонес во развојот на македонската национална борба. Свежо цвеќе положија делегација на Општина Делчево, претставници на Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, јавни институции, здруженија на граѓани.
- КУД „Гоце Делчев“ , НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и Здружението „Копачка“ во партнерство со Општина Делчево и ЈЛБ „Илинедн“ организираа целовечерен концерт.

**3. Одбележана 78-годишнината од Февруарскиот поход**

- Со пригодна свеченост Делчево одбележа 78 години од успешното изведување на Февруарскиот поход кој имал големо политичко и воено значење за текот на НОВ во Македонија. Поради лошите временски услови и интензивните врнежи од снег, настанот се одвиваше пред споменикот на паднатите борци во центарот на Делчево. Присутните претставници од институции, од политички партии, здруженија на граѓани положија свежо цвеќе на споменикот на паднатите борци, а членовите на КУД „Гоце Делчев“ подготвија рецитал на тема за значењето на Февруарскиот поход.

- Поради лошите временски услови и заради безбедност, беше ограничен и планинарскиот марш до Долни Балван со н.м. од 1030 м. На маршот учествуваа 50-ина младинци од ПСК ГОЛАК. Во чест на значајниот датум, градоначалникот Трајковски на учесниците на настанот додели благодарници.

**4. Одбележување на денот на смртта на Гоце Делчев, 4 мај.**

- На 4 мај беше организирано одбележување на годишнината од смртта на Гоце Делчев пред споменикот на великанот Делчев во центарот на Делчево. По тој повод, беше положено свежо цвеќе пред споменикот на Делчев, беше подготвен рецитал од КУД „Гоце Делчев“ за животот и делото на Делчев и неговиот значаен придонес во развојот на македонската национална борба.

Свежо цвеќе положија делегација на Општина Делчево, претставници на Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, јавни институции, здруженија на граѓани.

**9. Одбележување на денот на победата над фашизмот и Денот на Европа, 9 Мај**

На 9 Мај, Делчево одбележа 77 години од победата над фашизмот и 72 години од Денот на Европа. Во рамките на одбележувањето беше положено свежо цвеќе пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот, а беше прочитан и реферат за двата значајни датуми подготвен од КУД „Гоце Делчев“. Свежо цвеќе положија делегација на Општина Делчево, претставници на Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, јавни институции, здруженија на граѓани.

**10. Одбележување годишнина од Разловечкото востание**

- На 19 мај 2022 во с. Разловци беше одбележана 146-годишнината од Разловечкото востание, првото вооружено востание кое го започнува бурниот Предилинденски период. На настанот кој традиционално, се организира во дворот на црквата „Св. цар Константин и царица Елена“ во селото Разловци. Во чест на 146-годишнината од Востанието, делегација од Владата на РСМ и Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, претставници институции, политички партии, здруженија на граѓани, положија свежо цвеќе и се поклонија пред спомен-обележјето на поп Стојан, еден од организаторите на Востанието, а поставено на влезот на црквата „Св.цар Константин и царица Елена“ во селото Разловци.
  Во рамките на одбележувањето беше реализирана и културна програма на која настапија: КУД „Гоце Делчев“, Фолклорна група од НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ и ученици од ПУ „Св.Климент Охридски“ од Разловци.

- По повод 146 години од Разловечкото востание, Општина Делчево и НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ во партнерство со ПСК „Голак“ реализираа планинарска акција со маршута: Ружиниցреши 660 м.н.в. – Тработивишки кукуље 810 м.н.в. – Брана Лошана 828 м.н.в. – Лошански рид 870 м.н.в. – Село Разловци со 690 м.н.в., во вкупна должина од 11 км. На маршот учествуваа членови од ПСК „Голак“, како и планинари од Делчево, Штип,Виница и Зрновци.

**11. Одбележување годишнина од Илинденското востание-**

- Делчево го чествуваше споменот и оставнината на храбрите илинденци од 1903 и 1944. Со пригодна свеченост се одбележаа двата Илиндена, 119 години од Илинденското востание и 78 години од Првото заседание на АСНОМ. Одбележувањето се одвиваше пред спомен- обележјата во градот кои го чуваат споменот на революционерната борба од Илинденскиот период, како и од НОВ. Пред споменикот на великанот Гоце Делчев, преку рефератот подготвен од играорците од КУД „Гоце Делчев“ од Делчево беше потенцирано значењето и улогата на Илинденското востание во 1903 година во развојот на революционерната мисла и борбата и аманетот на храбрите илинденци. Чествувањето продолжи пред споменикот на паднатите борци, каде за значењето и улогата на Првото заседание на АСНОМ, пригоден реферат прочитаа членови на КУД „Гоце Делчев“.

  Во рамките на одбележувањето, пред двете спомен-обележја во градот, свежо цвеќе положија делегација на Општина Делчево, претставници на Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, јавни институции, здруженија на граѓани.

  По повод празникот, традиционално се одржа културно-уметничка програма покрај манастирот „Св. Илија“ кај с. Ѕвегор на која настапија КУД при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и ФГ „Копачка“, а беше одржан традиционален ручек.

**12. Одржани Голачки фолклорни средби-**

Поради забраната за движење во шумите и пожарите кои беа актуелни во летните месеци, традиционалниот фестивал „Голачки фолклорни средби“ кој се одржува на планината Голак, ноќта спроти верскиот празник св. Пантелејмон, се одржа на летната сцена во Делчево. Фестивалот е во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ со финансиска поддршка на Министерство за култура и Општина Делчево.

**13. Одбележување на Денот на ослободувањето на Делчево и Денот на независноста на РСМ**

- На 7 септември беше одржана Свечена седница на Советот на Општина Делчево на која покрај традиционалните обраќања на претседателот на Советот и на градоначалникот, беа доделени општински награди и признанија. На Свечената седница беше доделена Седмосептемвриската награда на фирмата „Брегал“ ДОО од Делчево за особени достигнувања од областа на стопанството и општествена одговорност и на Лоренцо Трајановски за афирмација на Делчево. Воедно, градоначалникот Трајковски додели плакети за успешна соработка и поддршка на Општина Делчево на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски и на директорот на БЈБ, Сашо Тасевски. На свеченоста беа доделени плакети за општествена одговорност на АД „Фротирка-компани“ и на нашите иселеници Виктор Коларски и Антонио Витановски, како донатори и иницијатори за изградба на првата атрактивна градска фонтана во градот. Плактеа за општествена одговорност доби и ЈЛБ „Илинден“ за нивниот ангажман и иницирани акции со цел да се помогне на семејства кои живеат во социјален ризик. Традиционално на Свечената седница беа доделени и наградите за најубаво уреден двор. Согласно со оценката на Комисијата, награда за најубав двор добија: најубав двор на Цветко Коларски од с.Град; втора награда за Кристина Миленковска од с.Звегор, а трета награда за Ванчо Коларски, од с. Град. За најубав двор во втората категорија- институции и колективно домување е прогласен дворот на ООУ „Ванчо Прке“.

- Чествувањето на двата значајни датуми од историјата на Делчево започна пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот кој го чува споменот на паднатите борци во НОВ од делчевскиот крај, каде беше прочитан рефератот богат со историски податоци за Денот на ослободувањето на Делчево и Денот на независноста, од страна на членовите на КУД „Гоце Делчев“ по што свежо цвеќе положија: делегација од МВР предводена од министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, делегација од Општина Делчево, делегација од Советот на Општина Делчево, претставици од институции, политички партии и здруженија на граѓани.

- Во рамките на одбележувањето на празникот на градот, со почеток во 17 ч во СОУ „ММ Брицо“ се одржа турнир во пинг-понг за младинци во организација на Советот на млади,
- Во чест Денот на ослободување на Делчево се одржи промоција на новото дело на авторите Драган Арсовски и Софрон Ѓеоргиевски, „Паметници за

Царево Село-цркви и манастири во Делчевско и сведоштва на царевослеци“. Настанот беше во организација на ЈЛБ „Илинден“ со поддршка на Општина Делчево.

- По повод двата празника, во организација на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ со финансиска поддршка на Министерството за култура се одржа „Вечер на староградска песна во чест на Слободан Илиоски“.

**14. Одржан Делчево-фест и Пијанечко-малешевска свадба**

- На 10 септември во Делчево на летната сцена се одржа традиционалниот фестивал „Делчево-фест“ каде настапија фолклористи и солисти од земјава; Придружна манифестација е Пијанечко-малешевската свадба. Организатор е КУД „Гоце Делчев“, а покровител Општина Делчево.
- Беше организиран прием кај градоначалникот на младите и сватовите од Пијанечко-малешевска свадба;
- Беше обезбеден подарок за младенците во износ од 12.000 ден, средства предвидени и во Правилникот за доделување награди и признанија на Општина Делчево.

**15. Одбележан Денот на македонското востание, 11 Октомври**

- Со пригодна свеченост, Општина Делчево одбележа 81 години од почетокот на антифашистичкото Востание, 11 Октомври. По тој повод, делегација на Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, како и претставници од институции, политички партии, здруженија на граѓани и физички лица, се поклонија и свежо цвеќе положија на споменикот на паднатите борци во центарот на градот.

  Во рамките на одбележувањето членовите на КУД „Гоце Делчев“ преку реферат потсетија на приликите кои претходеа на Востанието, начинот на кој беше реализиран првиот вооружен напад во Прилеп и во Куманово, но се осврнаа и на значењето на Востанието, како важен момент во борбата за самостојност на македонскиот народ и сопствена држава.

**16. Одбележан Денот на македонската револуционерна борба, 23 Октомври**

- Со пригодна свеченост, Општина Делчево го одбележа Денот на македонската револуционерна борба, 23 Октомври. Настанот се одвиваше пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на градот. По тој повод, за значењето на овој празник, членовите од КУД „Гоце Делчев“ од Делчево подготвија пригоден

реферат, а пред спомeникот на Гоце Делчев се поклонија и букети свежо цвеќе положија делегација од Општина Делчево, од Советот на Општина Делчево, како и претставници од институции, политички партии и здруженија на граѓани.

*******************

## III Финансиски извештај

**Табеларен приказ на потрошени средства**

| Манифестација/настан | Активност | организатори | Потрошени средства од Буџетот |
|---|---|---|---|
| За сите поводи и настани | Свежо цвеќе/икебани | Општина Делчево | 36.750,00 ден |
| Пијанечко-малешевска свадба 2022 | Подарок за младенци | Општина Делчево КУД „Гоце Делчев“ | 12.000 ден. |
| -Делчево-фест и ПМС 2022,<br>-Голачки фолклорни средби 2022<br>-Февруарски поход<br>-Разловечко востание 2022<br>-Ден на ослободувањето на Делчево;<br>-планинарски маршеви: Февруарски поход и Разловечко востание и др. | Вечера/сендвичи/вода/сокови за играорци/делегации/планинари | Општина Делчево КУД „Гоце Делчев“, НУЦК„ Никола Јонков Вапцаров“ | 105.225,00 ден |
| За сите поводи и манифестации | Печатење покани/благодарници | Општина Делчево | 36.346,оо ден |
| 7 Септември, Ден на | Традиционални награди и | Општина | 41.300,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **пожарникарите, гости пожарникари од Р. Словенија** | **признанија** | **Делчево** | **ден.** |
| **„Сурва“** | **За потребите за одбележување на обичајот Сурва во Ѕвегор** | **Организациски одбор с. Ѕвегор, Општина Делчево** | **10.000 ден** |
| **Традиционална манифестација „Илинден“ с. Ѕвегор** | **За организирање културно-уметничка програма** | **МЗ с. Ѕвегор, Општина Делчево** | **10.000 ден** |
| **Вкупно** | | | **251.621.00 ден** |
| | | | |

**Комисија за организирање настани**
**и културни манифестации**
**Претседател**

**Даниела Такева**